Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 10-450/2
11-08- 2023 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Архивски бр.
Дата:

До: [redacted]

Предмет: Одговор на Барање пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од Ваша страна, по електронски пат, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-450/1 од 04.08.2023 година.

Во продолжение бараната информација, согласно Вашето барање:

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата го следи постапувањето по мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација се до нивното исполнување. Доколку лицето на кое е упатена препораката, не постапи по истата во утврдениот рок, Комисијата поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Во однос на Мислењето на Комисијата бр. 08-538 од 28.12.2022 година, на кое се однесува Вашето барање за информација од јавен карактер, а со кое е утврдена директна продолжена дискриминација врз основа на попреченост во областа на пристапот до добра и услуги од страна на Општина Карпош кон лицата со физичка попреченост – жители на Општина Карпош, Ве известуваме дека заклучно со датумот на доставување на овој одговор, Комисијата нема добиено писмено известување за постапување по препораките од лицето на кое се упатени препораките, поради што, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација се отпочнати дејствија за поднесување на барање за покренување на прекршочна постапка.

Ви стоиме на располагање за сите дополнителни информации.
Со почит,

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател
Исмаиљ Камбери